РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 25-8712
11.05. 2021 год.
СТРУМИЦА

СТРУМИЦА

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**

Врз основа на член 39 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица„ бр5/06), Градоначалникот на општина Струмица објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

**За прибирање предлог проекти по приоритетните области: „ Локален економски развој и Туризам, Социјална заштита, здравствена заштита и заштита на децата, Заштита на животната средина, Култура, Образование, Млади, од Програмата G1 Поддршка на ЛЕР од Буџетот на Општина Струмица за 2021 година.**

**Усогласени спрема ЛОД Методологијата, усвоена од страна на Советот на општина Струмица на седницата одржана на 13.11.2019 година**

Финансиските средства предвидени во Програмата G1- Поддршка на ЛЕР/трансфер до НВО, Од Буџетот на Општина Струмица за 2021 година ќе се доделуваат на Здруженија и Фондации од Општина Струмица за проекти во рамките на Стратегиските развојни документи на Општина Струмица до 2020/21 година, соодветни на приоритетните области и цели.

## Право на учество

Како субјекти кои можат да конкурираат со свои проекти се определуваат Здруженијата и Фондации, со седиште во Општина Струмица, како матична општина каде физички ќе се реализираат проектите.

## Вредност на проектите кои ќе се финансираат

Согласно Методологијата за транспарентна распределба на финансиските средства за проекти од граѓанските организации, усвоена од Советот на општина Струмица, највисокиот износ кој ќе се доделува за проекти е 250.000,00 денари, а најнискиот износ кој ќе се доделува за проекти е 60.000,00 денари

## Подобност на подносител на проект(апликант)

- **Основни критериуми кои треба да ги исполнуват Здруженијата и Фондациите кои учествуваат на овој повик се:**

- Здруженија на граѓани / фондации кои се јавуваат на јавниот повик да се регистрирани согласно Законот за здруженијата и фондации на Република Северна Македонија;

- Здруженија на граѓани / фондации кои се јавуваат на јавниот повик да се регистрирани на територија на Општина Струмица;

- Остварување на програмите и дејствувањето на Здруженија на граѓани / фондации кои се јавуват на јавниот повик да се во рамките на Уставот и Законите на Република Северна Македонија,

- Проектите со кои Здруженија на граѓани / фондации се јавуваат на јавниот повик да се имплементираат единствено на територија на Општина Струмица;

- **Посебни критериуми кои треба да ги исполнуваат Здруженијата и Фондациите кои учествуваат на овој повик се:**

- Предлог проектите да кореспондираат со Стратешките области и цели, односно соодветните Стратегиски развојни документи на Општина Струмица до 2020/21 година и приоритетните области за 2021 година дадени во јавниот повик и насоките за аплицирање на јавниот повик за 2021 година.
- Предлог проектите да бидат изработени и доставени на начин дадено во упатството со насоките и обрасците (формуларите) составен дел на јавниот повик;
- Доделените средства да се користат исклучително за намената за која ќе бидат доделени и на начин определен во предлог проектот, согласно образецот за Буџет на проектот;

***Важно!***

1.1. Организацијата која има намера да аплицира на Јавниот повик за 2021 година, може да се јави како самостоен апликант, регистрирана како организација на територија на Општина Струмица и како апликант со друга партнер организација регистрирана на територија на Општина Струмица.

1.2. Организацијата која аплицира на Јавниот повик за 2021 година во партнерство со друга организација ќе има предност во процесот на евалуација пред другите организации кои аплицирале како самостојни апликанти.

1.3. Организацијата која се јавува како апликант на Јавниот повик 2021 година не смее да се јави како партнер на друг проект од друга организација(апликант) на истиот повик, односно партнер организацијата која веќе се јавува како партнер на проект на Јавниот повик за 2021 година не смее да се јави како самостоен апликант или партнер на друг проект.

1.4. Двете организации кои се јавуваат со заеднички проект на Јавниот повик за 2021 година без разлика дали се јавуваат како апликант или партнер организацијата во истиот проект ја имаат истата важност пред општината и нивната проектна апликација ќе има предност во процесот на евалуација пред другите апликации од организации кои се јавуваат како самостојни апликанти на истиот Јавен повик.

1.5. Апликантите кои се јавуваат на Јавниот повик за 2021 година а во предходните две години не се финансиски поддржани од општината во рамките на предходните јавни повици или на било кој друг начин од Буџетот на општината, ќе имаат предност пред другите апликанти кои во предходните две години биле поддржани финансиски од општината, се разбира доколку ги задоволат останатите критериуми во јавниот повик- во рамките на поднесената целокупна пректна документација.

1.6. Апликации, односно Предлог проекти со прикажано сопствено учество (сопствени финансиски средства или финансиски или материјални средства обезбедени како донација од општествено одговорни компании, за кои е приложен и соодветен доказ ќе се земат во предвид како предност во процесот на евалуација - оценување)

1.7. Предлог проектите (реализацијата) треба да биде планирана во рамките на 6 месечен период на имплементација.

**<u>Времетраење на реализацијата на проектите</u>**

Проектите може да бидат со времетраење од 6 месеци. Проектите мора да се спроведат во периодот од јули 2021 до декември 2021 година (со отстапки од оправдани причини по претходно поднесено барање за продолжување на рокот за завршување на проектот до Општина Струмица), односно:

- Планиран термин за реализација на активностите од проектите е: 01.07.2021 до 31.12.2020 година!
- Поднесувањето на комплетните завршни наративни и финансиски извешти е до 15.01.2022 година со можност за отстапки за евентуално продолжување на истиот од оправдани причини, но не покасно десет дена по крајниот рок за поднесување на извештаите или најкасно десет дена по завршувањето на проектот во случај на продолжување на истиот.

**Потребна документација која Здружението или Фондацијата треба да ги достави кон Пријавата.**

Покрај пријавата(Предлог проект) како **Анекс бр. 1**, од Здруженијата на граѓани / Фондации пополнета со печатни букви во кирилично писмо, потпишана од застапникот , заверена со печат и штембил, изработена соодветно на даденото упатство и насоки, составен дел на јавниот повик, апликантот во прилог на истата задолжително треба да ги достави следниве прилози-анекси:

**Анекс 2** Преглед на буџетот и план за трошоци

**Анекс 3** Логичка рамка

**Анекс 4** План на активности и видливост

**Анекс 5** Формулар со административни податоци за подносителот

**Анекс 6** Формулар со финансиски податоци за подносителот

**Анекс 7** Изјава за подобност

**Анекс 8** Изјава за двојно финансирање

**Анекс 9** Листа за проверка

**Анекс 10** Правила

**Анекс 11** Насоки

**Напомена!**
**Пријавата со прилозите се достапни и може да се превземат од веб страницата на Општина Струмица (www.strumica.gov.mk) во работна верзија! Документите се доставуваат во два идентични примероци во хартиена форма и еден примерок во електронска форма(CD или USB).**

**Како и задолжителните дополнителни документи:**

1. Тековна состојба на здружението на граѓани / фондација не постаро од 6(шест) месеци;
2. Копија од важечка потврда/решение за регистрација на здружението на граѓани /фондација во земјата (за носителот на проектот/подносителот и евентуални партнери),
3. Копија од статутот на здружението на граѓани / фондација (подносителот и партнерите),
4. Копија од завршниот годишен финансиски извештај за претходната година/завршна сметка (биланс на успех и биланс на состојба) заверен од надлежна институција за финансиско работење или овластен сметководител, освен доколку здружението на граѓани / фондација е основана во тековната година,
5. Профил на здружението на граѓани / фондација
6. Годишна програма на активности за 2021 година;

## Начин на достава на Проектната документација

Пополнетите апликации со целосната задолжителна документација мора да се поднесат како **„пакет“** кој содржи **три (3) целосни и идентични печатени копии на сите документи погоре наведени и една електронска копија (на CD или USB),** по препорачана пошта или лично, во запечатен плик на кој е назначено дека е за јавниот повик, во работни денови (понеделник до петок), помеѓу 08:00 и 16:00 часот, на следната адреса:

Општина Струмица
Улица: Благој Јанков Мучето бр. 37; Дом на АРМ
Поштенски број: 2400 Струмица

Крајниот рок за поднесување на апликациите е последниот ден сметан и денот на објавување на Јавниот повик за 2021 година на општинската веб страница (30 дена од денот на објавувањето вклучително и денот на објавувањето).

Апликациите кои ќе пристигнат по зададениот рок ќе бидат разгледани само доколку на поштенскиот печат стои датум на испраќање кој е пред официјалниот краен рок.

Апликациите кои ќе бидат испратени на друг начин ( е-мејл) или кои ќе бидат испорачани на друга адреса **нема да бидат земени предвид**.

На надворешната страна на пликот мора да стои називот на јавниот повик за предлог проекти, целосното име и адреса на подносителот, целосното име на проектот и следните зборови: **„Да не се отвора пред официјалното отворање”.**

Општината ќе води евиденција за сите примени предлог проекти и ќе издаде релевантна потврда за прием.

Пред да се поднесе предлог проектот, подносителите треба да потврдат дали бараната документација/апликација е целосна преку пополнување на Листата за проверка (Анекс 9), која е составен дел на апликацијата.

### Други важни информации

3.1. За времетраењето на Јавниот повик за 2021 година, општината согласно сите протоколи и безбедносни мерки во услови на КОВИД 19 ќе организра **информативен состанок („отворен ден“)** со потенцијалните подносители на предлог проекти во општина Струмица.во рок од 5 дена по објавувањето на Јавниот повик. Можно е и инфо денот да биде организиран како online средба.

На овој состанок, потенцијалните подносители ќе бидат детално информирани за повикот, начинот на пријавување, критериумите, а ќе бидат дискутирани и идентификуваните недоследности и најчести недостатоци од претходните јавни повици.

На состанокот присутните организации самостојно бират и именуват нивни претставник како набљудувач на работат на Комисијата во процесот на евалуација и оценување. Апликациите кои ќе бидат испратени на друг начин (на пр: е-мејл) или кои ќе бидат испорачани на друга адреса **нема да бидат земени предвид**.

На надворешната страна на пликот мора да стои називот на јавниот повик за предлог проекти, целосното име и адреса на подносителот, целосното име на проектот и следните зборови: **„Да не се отвора пред официјалното отворање”.**

Општината ќе води евиденција за сите примени предлог проекти и ќе издаде релевантна потврда за прием.

Пред да се поднесе предлог проектот, подносителите треба да потврдат дали бараната документација/апликација е целосна преку пополнување на Листата за проверка (Анекс 9), која е составен дел на апликацијата.

**Напомена**!

**Пријавите со непотполна документација или пристигнати по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Апликациите кои ќе пристигнат по зададениот рок ќе бидат разгледани само доколку на поштенскиот печат стои датум на испраќање кој е во официјалниот краен рок. Примената документација не се враќа!**

## За Јавниот повик за 2021 година определени се следните приоритетни области за Општина Струмица:

**1. Локален економски развој и туризам**

1.1. Зајакнување(подобрување) на економската и туристичката инфраструктура на локално ниво во функција на унапредување на ЛЕР и туризмот во Општина Струмица;

**2. Социјална заштита**

2.1 Зајакнување(подобрување ) на социјалната инфраструктура во функција на подобрување на животот на ранливите групи на граѓани во социјален ризик.
(пристапност до институции, надминување на бариери и социјална исклученост на ранливите групи на граѓани и др)

2.2 Социјални сервисни услуги и секаков вид друга поддршка на ранливи групи на граѓани во услови на КОВИД 19;

**3. Заштита на животна средина**

3.1 Активности за Унапредување и зачувување на животната средина на локално ниво (Здрава и чиста животна средина)
(диви депонии, зелени површини и нови содржини, амбиентален воздух, чиста вода за пиење, спортски и рекреативни места и др)

**4. Здравствена заштита и заштита на децата**

4.1 Зајакнување на здравствената инфраструктура во услови на Пандемија од КОВИД 19 на локално ниво, заради подобри здравствени услуги на граѓаните особено децата.

**5. Образование**

5.1. Подобрување на образовната инфраструктура – Придонес кон зајакнувањето на наставниот и образовен процес во услови на КОВИД 19 на локално ниво.

**6. Култура**

6.1. Подобрување на инфраструктурата во Културата како придонес кон унапредување на севкупниот културолошки амбент на локално ниво во услови на КОВИД 19.

**7. Млади**

7.1.Подобрување на младинската инфраструктура –придонес кон унапредување на можностите за младинско дружење и активизам
(спорт и спортски терени, велосипедизам, рекреативни места , младински клубови на отворено др)

Лице за контакт:
Тони Милушев
Раководител на Одделение за ЛЕР/Општина Струмица
mail: toni.milusev@strumica.gov.mk

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**Коста Јаневски**